Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 143/19), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16. 12.2020 година, донесе:

П Р А В И Л Н И К

за измена
на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија бр. 02-15382/2 од 14.09.2015 година, бр. 02-19053/1 од 11.11.2015 година, бр. 02-3799/1 од 09.03.2016 година, бр. 02-3304/3 од 28.02.2018 година, бр. 02-8486/1 од 07.06.2018 година, бр. 02-10240/1 од 11.07.2018 година, бр. 02-13635/1 од 21.09.2018 година, бр. 02-14270/1 од 08.10.2018 година, бр. 02-15270/1 од 26.10.2018 година, бр. 02-17714/1 од 28.10.2019 и бр. 02-8331/1 од 22.06.2020 година.

Член 2

Во **Глава II Сектор за управување со Човечки ресурси**, II.1 Одделение за управување со човечки ресурси, во **точка 11** кој **гласи "ФЗО0102В04001 Соработник за управување со Човечки ресурси"** во делот на видот на образованието зборовите "јавна управа и администрација" се бришат и се заменуваат со зборовите: **"политички науки"**.

Член 3

Во Глава **IV СЕКТОР ЗА КОНТРОЛА, IV.1.1 Оддел за контрола на установи од примарна здравствена заштита,** во точка 8-А која гласи **Соработник за контрола во здравствените установи,** во делот на видот на образование "Стоматологија, Медицински науки и здравство, Економски науки" **зборовите: "Економски науки" се бришат и се заменуваат со зборовите: "Правни науки".**

"Реден број и шифра	8-А.ФЗО01002В04001
Звање на работното место	Соработник
Назив на работно место	Соработник за контрола во здравствените установи
Број на извршители	5
Вид на образование	Стоматологија, Медицински науки, Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Контролата во здравствените установи од примарна здравствена заштита.
Работни задачи	1. учествува во тимот за Контрола на здравствените установи од примарна здравствена заштита, контрола на примената на одредбите од Законот за здравственото осигурување, подзаконските акти и другите прописи во примарната здравствена заштита; 2. Учествува во тимот за контрола на остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица и контрола на остварување на право и должност на избор на лекар на осигурените лица во примарна здравствена заштита 3. Учествува во тимот за контрола на водење на евиденцијата од областа на здравството; 4. Учествува во тимот за контрола на спроведување на одредбите од договорот меѓу Фондот и здравствените установи; 5. Учествува во тимот за контрола на извршените здравствени услуги и извршени активности за постигнување на определени цели 6. Учествува во тимот за контрола на пресметување и наплатување на средства за партиципација; 7. Учествува во тимот за контрола на ампуларна терапија и медицински потрошен материјал; 8. Учествува во тимот за проверка на исполнувањата дадени како задача за отстранување на недостатоците во работењето од претходната контрола;

	9. Да учествува во изработката на прегледи извештаи за извршени контроли од надлежност на одделението.
Одговара пред	Претпоставен административен службеник од нивото Б3 односно Шеф на оддел за контрола на установи од примарна здравствена заштита

Член 4

Во Подрачна служба - Скопје, во Одделение за остварување на придонес во работното место кое гласи "ФЗО0102 В02001 Контролор на придонес", во делот на вид на образование по зборовите "Економски науки, организациски науки и управување (менаџмент)" **се додаваат зборовите "јавна управа и администрација"**

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со денот на добивање согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број: 02-16219/1
17.12.2020 2020 год.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател
Дејан Николовски

Изготвил: Радица Димовска
Контролирал: Fatime Idrizi

Согласен: ВД Директор: Стево Крстевски
Согласен: ВД Директор/UD Drejtor: Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA